**Дел. бр. 01-38/6**
**25.02.2021 год.**
**с.Тополчани - Прилеп**

**АНЕКС РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

**ООУ „КРУМЕ ВОЛНАРОСКИ“ - ТОПОЛЧАНИ, ПРИЛЕП**

**за период од 2020 до 2023 година**



**Тополчани, 2021**

**Преамбула**

Општинското основно училиште „Круме Волнароски” - Тополчани е дел од државниот воспитно-образовен систем на РСМ и е институција од јавен интерес. Согласно Законот за основно образование, Развојната програма на ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, Прилеп, е изработена врз основа на член 49 став: 1, 2, 3 и член 108 став 1 алинеа 3 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр.161 од 05.08.2019 година), како и член 1,2,3,4,5 од Правилникот за формата и содржината на развојната и Годишната програма за работа на основното училиште. Предлог Развојната програма за работа на ООУ„Круме Волнароски“ - Тополчани, Прилеп, е донесена на седница од Училишниот одбор одржана на година.

# Содржина


стр.

Вовед ........ 4
1. Податоци за основното училиште ........ 5
   1.1. Идентификациони податоци за училиштето ........ 5
   1.2. Историјат на основното училиште ........ 6
   1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта ...... 7
2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште ........ 8
   2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка ........ 8
   2.2. Работен стаж на вработените ........ 8
   2.3. Простор ........ 9
   2.4. Опрема и наставни средства ........ 10
   2.5. Материјално-финансиско работење на училиште ........ 15
3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма ........ 16
4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години ........ 17
   4.1. Самоевалуација на основното училиште (интерна) ........ 17
   4.2. Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна) ........ 21
5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа) ........ 31
6. Мисија и визија на основното училиште ........ 32
7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период.... 32
8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите........ 41
9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието,НВО итн.... 41
10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште ........ 42
11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште ........ 43
12. Заклучок ........ 43
13. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште ........ 44
14. Користена литература ........ 44

## Вовед

Развојната програма на ООУ„Круме Волнароски“ е документ кој помага во управувањето и организацијата на училиштето. Реализацијата на воспитно-образовната дејност во основното образование е сложен процес врз кој суштинско влијание имаат повеќе чинители: наставниците, вработените во стручната служба, родителите, потесното и поширокото опкружување. Современите општествени услови условија динамични промени, каде нагласена е потребата од квалитетно планирање во училиштето.

Овој документ треба да се сфати како алатка каде дава насока на систематизирање на сите стратешки определби на дејствување на училиштето во наредниот четиригодишен период во ООУ „Круме Волнароски“-Тополчани што е интегрален дел од Годишните програми и Развојниот план за работа на директорот, што придонесува  унапредувањето на квалитетот на воспитно – образовниот процес. Треба да се има во предвид дека развојното планирање е континуиран творечки процес кој произлеува од самоевалуацијата и се однесува на постојано истражување и препознавање на реалните (вистинските) потреби на училиштето, како и во осмислување на начини како тие потреби да се задоволат.

Освен тоа нашето училиште во развојното планирање самото е иницијатор и актер на сопствените промени. Развојот на училиштето се одвива на релација помеѓу сегашната состојба и проекцијата на посакуваните идеали. Јасно е дека развојното планирање не е конечен и како таков, постојано е подлежен на мониторинг и по воочена потреба тој може да се доработува и преработува.

Развојната програма на училиштето изготвена е врз основа на: Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, Законот за работни односи, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на училиштето, Годишни извештаи за работата на училиштето Статутот на училиштето и Самоевалуација на училиштето за период 2018-2020 година. Директорот ќе биде тој што ќе ја следи визијата на училиштето и ќе се обиде да ја реализира мисијата на училиштето

## 1.Податоци за основното училиште

Основното училиште „Круме Волнароски“ – Тополчани, Прилеп, е централно општинско основно училиште во кое се реализира настава на македонски наставен јазик од I до IX одделение и во својот состав има осум подрачни училишта. ЦОУ е лоцирано во населеното место Тополчани, а подрачните училишта опстојуваат во населените места: Старо Лагово, Клепач, Чепигово, Алинци, Загорани, Ново Лагово, Галичани и Беровци. Во подрачното училиште во с. Старо Лагово се изведува настава од I до IX одделение, а во сите подрачни училишта се изведува настава од I до V одделение во комбинирани паралелки.

### 1.1.Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | Круме Волнароски |
| Адреса | ул. Маршал Тито бр.6 |
| Телефон | 048 / 480 - 103 |
| Место, општина | Тополчани - Прилеп |
| Веб-страница | ooukrumevolnaroski.edu.mk |
| Е-маил | krumevolnaroski@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 9 Мај |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 748 м2 |
| Училиштен двор (m2) | 7000 м2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | 8 подрачни училишт: ПОУ с.Старо Лагово, ПОУ с.Ново Лагово, ПОУ с.Чепигово, ПОУ с.Клепач, ПОУ с.Алинци, ПОУ с.Загорани, ПОУ с.Галичани, ПОУ Беровци |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 181 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 181 |
| Број на паралелки | 21 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | не |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | прва |
| Во основното училиште има паралелки од | нема |

| | |
|---|---|
| музичко училиште | |
| Во основното училиште има ресурсен центар | нема |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | нема |

## 1.2. Историјат на основното училиште




ООУ ,,Круме Волнароски“ - Тополчани е основано во 1948 година. Своето име го добива по еден од седумте народни херои од општина Прилеп. Училиштето е лоцирано во центарот на селото Тополчани и е рурално општинско училиште. Основано од Секретаријат на општествени служби и општа управа при Собрание на општина Прилеп, бр. 09-85/1 17.03.1986. Внатрешната површена на училиштето е 748 $м^2$, а училишниот двор од 7000 $м^2$. Училиштето располага со спортски терени и игралишта со површина од $1000м^2$.

Основното училиште „Круме Волнароски“ – Тополчани, Прилеп, е централно општинско основно училиште во кое се реализира настава на македонски наставен јазик од I до IX одделение и во својот состав има осум подрачни училишта. Централното училиште е лоцирано во населеното место Тополчани, а подрачните училишта опстојуваат во населените места: Старо Лагово, Клепач, Чепигово, Алинци, Загорани, Ново Лагово, Галичани и Беровци. Во подрачното училиште во с. Старо Лагово се изведува настава од I до IX одделение, а во сите подрачни училишта се изведува настава од I до V одделение во комбинирани паралелки. Наставата се реализира на македонски наставен јазик.

### 1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

Во реализацијата на наставните планови видлива е примената на активни методи, технкика за работа многубројни идејни решенија и стратегии, зголемената динамика и мотивацијата на учениците, како и јасно дефинираните очекувани исходи. Секогаш учениците се центар на нашето внимание. Соработувавме со родителите, локалната средина, медиумите и други организации. Организираме многубројни хуманитарни акции кон учениците кои потекнуваат од социјално ранливи категории, а со тоа ја развиваме хуманоста кај нашите ученици во соработка со многу институции на Република Северна Македонија. Учениците се запознаваат со сопствената, но и со другите етнички култури и традиции, и култури на други држави, ја развиваат сопствената креативност, учат за демократија, за детски права и одговорности, ја развиваат еколошката свест, стекнуваат едукативни знаења... Сето тоа се реализира преку истражувачка активност во духот на пријателство и дружење.

Училиштето се гордее со своите ученици кои учевствуваат на општински, регионални и државни натпревари по математика, природни науки, биологија, хемија, македонски јазик и спорт.

Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваат по сите предмети и области на оценување. Што е уште позначајно во учебната 2019/2020 година го имаме највисокиот среден успех споредбено со изминатите три учебни години.

Наставниците континуирано следат обуки, вон и во училиштето, продлабочувајќи ги и пренесувајќи ги сопствените знаења и искуства на стручните активи во училиштето.

Проекти кои се реализираат во училиштето:

-Интеграција на еколошката едукација;

-Проект за меѓуетничка интеграција во образованието;

-Проект: „Ненасилно однесување во училиштето“;

-Проект: „Антикорупциска едукација на учениците“;

-Проект: „Заедничка грижа и правилно насочување научениците“;

-Проект:„Отворено граѓанско образование“.

Институции со кои училиштето соработува на национално ниво се: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ МТСП, МИОА, Завод за ментално здравје, Здравствен дом - Прилеп, Агенција за вработување, Државен завод за статистика, Меѓу општински центар за социјална работа, МВР, USAID, Детска амбасада „За сите деца во Светот“, Црвен крст на Република Северна Македонија, НВО - Сега.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

### 2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Наставен кадар | Одделенска настава | 13 | ВШС-2 | ВСС -11 | ССС | ОО | | |
| | Предметна настава | 20 | ВШС-2 | ВСС -18 | / | / | | |
| Раководен кадар | 1 | | / | ВСС - 1 | / | / | | |
| Стручни соработници | 2 | | / | ВСС - 2 | / | / | | |
| Административни службеници | 1 | | / | / | 1 | / | | |
| Помошен и технички кадар | 10 | | / | / | 2 | 10 | / | |

### 2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службеници | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 3 | 4 | / | / | / | / |
| Од 10 до 20 год. | 3 | 6 | / | / | 9 | / |
| Од 20 до 30 год. | 4 | 8 | 2 | / | 1 | 2 |
| Повеќе од 30 год. | 3 | 2 | / | 1 | / | / |
| Вкупно | 13 | 20 | 2 | 1 | 10 | 2 |

## 2.3. Простор

| Просторија | Вкупен број | Површина ($m^2$) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 г.) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 16 | 55 $m^2$ | 3 | Тополчани – реконструкција на ѕидови и тавани<br>Ново Лагово – реконструкција на под |
| Училници | 6 | 30 $m^2$ | 4 | Нема потреба |
| Кабинети | 1 | 55 $m^2$ | 4 | / |
| Библиотека | 2 | 55 $m^2$<br>30 $m^2$ | 3<br>4 | / |
| Медијатека | / | / | / | / |
| Читална | / | / | / | / |
| Спортска сала | 1 | 200 $m^2$ | 3 | / |
| Канцеларии | 12 | 4 од 30 $m^2$<br>2 од 20 $m^2$<br>7 од 15 $m^2$ | 3<br>3<br>3 | /<br>/<br>/ |
| Училиштен двор | 9 | 7000 $m^2$<br>3000 $m^2$<br>200 $m^2$<br>1500 $m^2$<br>630 $m^2$<br>1000 $m^2$<br>700 $m^2$<br>2000 $m^2$<br>2000 $m^2$ | 3 | Тополчани – оградување на дел од училишниот двор |
| Заеднички простор за прослави | / | / | / | / |
| Кујна | / | / | / | / |
| Трпезарија | / | / | / | / |
| Друго | 10 | 10 од 40 $m^2$ | 2 | / |

## 2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

| Одделенска настава | | |
|---|---|---|
| Наставен предмет | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
| Македонски јазик | -Букварка, компјутери,<br>-Сет книги: „Библиотека на тркала“ | -Букварка |
| Математика | -Модел на цело (дропки)<br>-Геометриски тела,<br>-Табела 100,<br>-Бројна осака,<br>-3Д фрми,<br>-Коцки за волумен,<br>-Бројач со класи и разреди на броевите,<br>-Математичко сметало,<br>-Прибор за цртање (линијар, триаголник, агломер, шестар),<br>-Сметалка,<br>-Позициона сметалка (сметалка за месни вредности),<br>-Математички плочки,<br>-Математички стапчиња,<br>-Пластифициран постер со точки и со координатен систем | -Стотки десетки единици,<br>-Аналогна вага со тергови,<br>-Вага замерење на мала тежина,<br>-Метро пластично,<br>-Гео табла,<br>-Агломер, шестар,<br>-Мерни инструменти за волумен,<br>-Математички плочки,<br>-Математички стапчиња |
| Англиски јазик | -ЦД плеер,<br>-Цедиња,<br>-Флеш карти,<br>-Постери,<br>-Прирачници | -Сликовници и боенки на англиски јазик |
| Ликовно образование | / | -Сет со основни и изведени бои |
| Музичко образование | -Радио со ЦД плеер,<br>-Звучници,<br>-Флејта | -Ѕвончиња,<br>-Дајре,<br>-Ксилофон,<br>-Металофон,<br>-Триангл,<br>-Блок флејта |

| | | |
|---|---|---|
| | | -ЦД плеер,<br>-Цедиња со снимени детски песнички |
| Природни науки | -Магнет,<br>-Компас,<br>-Магнетна потковица,<br>-Пипета | -Термометар,<br>-Филтер хартија,<br>-Компоненти за струјно коло,<br>-Компас,<br>-Модел на скелет и мускули<br>-Осцилограф,<br>-Динамометар,<br>-Магнетни прачки,<br>-Зујалица<br>-Лупа |
| Техничко образование | / | -Алат (шублер, штрафцигар, чеканче, метро метално),<br>-Притискачи за плутена табла,<br>-Маркери во боја и бришач за маркер,<br>-Макета на крстосница,<br>-Постери со сообраќајни знаци,<br>-Комплет конструкторски материјал |
| Работа со компјутер и основи на програмирањето | -Десктоп компјутери со монитори, тастатури и глувчина,<br>-Печатач,<br>-Детски лаптоп, | -Топ хартија,<br>-Тонер<br>-Учебник,<br>-Компјутер и софтвер што ќе ги поддржува предложените апликации од програмата |
| Општество | -Географска карта на Македонија,<br>-Тематски постери,<br>-Релјефна карта на Македонија | -Неми карти на Македонија<br>-Глобус,<br>-Рејлефна карта,<br>-Учебник,<br>-Географска карта на Македонија,<br>-План на градот,<br>-Географска карта на Балкански Полуостров |
| Физичко и здравствено образование | -Топка,<br>-ЦД плеер,<br>-Душек | -Топки за: фудбал, одбојка, кошарка и ракомет, (со мрежа чуварка за топки)<br>-Јаже за скокање,<br>-Хулахоп,<br>-Џуле од 1 кг., |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Куглици и чунови за куглање,<br>-Конуси,<br>-Мрежа за одбојка со држачи |

| Предметна настава | | |
|---|---|---|
| Наставен предмет | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
| Македонски јазик | -Речник на македонскиот јазик;<br>-Лектирни дела;<br>-LCD поектор;<br>-Принтер | -Дополнување со лектирни дела според измената и дополнувањето за лектира од второ до деветто одделение од основното образование од 2019 год.;<br>-Правопис на македонскиот јазик (2017 г.);<br>-Лексикон на странски зборови и изрази;<br>-Речник на турцизми, архаизми, дијалектизми и ретко употребувани зборови во македонскиот јазик од Толе Белчев;<br>-Лаптоп;<br>-Стиропор |
| Математика | -Прибор за цртање (линијар, триаголник, шестар, агломер;<br>-Сет за волумен на 3Д форми;<br>-Комплет пластични 3Д форми;<br>-Метални мрежи на 3д форми;<br>-Пластифицирана шема на координатен систем;<br>-Ппластифицирана изометриска фартија;<br>-Модел на цело (дропки) | -Пластичен триаголник;<br>-Пластичен агломер;<br>-Модел на куб;<br>-Постер: Ѕид на дропки |
| Англиски јазик | -ЦД плеер;<br>-Цедиња;<br>-Флеш карти;<br>-Постери;<br>-Прирачници | Нема потреба од дополнителни наставни средства |
| Германски јазик | -ЦД плеер;<br>-Цедиња; | Нема потреба од дополнителни наставни средства |
| Ликовно образование | -LCD проектор | -Компјутер со 4 гига рам меморија;<br>-Табла за проекција;<br>-Скенер печатач со голема резолуција |

| | | |
|---|---|---|
| Музичко образование | -Детски музички инструменти: чинели, металофон, кастањети, маракас, дајре, триангл;<br>-Мелодика | -Синтисајзер;<br>-Металофони;<br>-Мелодики |
| Природни науки | -Филтер хартија;<br>-Син камен;<br>-Готварска сол;<br>-Магнети;<br>-Огледала;<br>-Гглобус;<br>-Креди во боја | -Термометар;<br>-Инка за филтрирање;<br>-Батерска ламба;<br>-Лабораториски и пластичи чаши;<br>-Модел на сончев сиситем;<br>-Пластелин |
| Техничко образование | -Еду робот;<br>-Модели на соларна енергија;<br>-Постери со сообраќајни знаци | -Прибор/алат за работа: клешти, чеканчина, штрафцигери, скалпер и сл. |
| Информатика | -Компјутери;<br>-LCD проектор;<br>-Смарт табла (неисправна состојба);<br>-Едукативни роботи<br>-SMART TV | -Бели табли;<br>-Табла на допир;<br>-Пренослив компјутер;<br>-3D скенер;<br>-3D принтер |
| Географија | -Географски карти на: Европа, Азија, Африка, Северна и Јужна Америка, Австралија, Северен пол, Јужен пол, Океанија, Балкански полуостров и Македонија;<br>-Глобус | -Индикационен глобус;<br>-Географска карта на: Африка, Азија, Северен и Јужен пол;<br>-Релјефен глобус |
| Историја | -Историска карта;<br>-LCD проектор;<br>-Историски атлас;<br>-SMART TV | -Компјутер;<br>-Интерактивна табла (Smart Boards) |
| Етика | -Компјутери;<br>-LCD проектор<br>-SMART TV | -Стручна литература;<br>-Етички лексикон;<br>-Речници,<br>-Пренослив компјутер;<br>-Хамери, маркери и др. |
| Граѓанско образование | -Универзална декларација за правата на човекот; | -Стручна литература;<br>-Конвенција за правата на детето; |

| | | |
|---|---|---|
| | -Конвенција за правата на детето;<br>-Прирачник „Толеранција и соживот“;<br>-Прирачник „Запознајте ги своите права“ | -Прирачник „Толеранција и соживот“;<br>-Прирачник „Запознајте ги своите права“;<br>-Хамери;<br>-Фломастери и маркери |
| Биологија | -Два микроскопа;<br>-Трајни микроскопски препарати (анатомија, зоологија, ботаника);<br>-Скелет на човечко тело<br>-Постери од човечко тело;<br>-Модел на срце;<br>-Модел на мозок (оштетен) | -Модел на: око, бубрег, уво...;<br>-Уште еден комплет трајни микроскопски препарати (анатомија, зоологија, ботаника);<br>-Лабораториски прибор: епрувети, пипета, спиртна ламба...;<br>-Прибор за дисекција;<br>-Предметни стакленца за микроскоп |
| Физика | -Динамометар;<br>-Оптички леќи и оптичка призма;<br>-Термометар;<br>-Магнети;<br>-Звучна вилушка;<br>-Компас;<br>-Амперметар;<br>-Струјно коло | -Постер за затемнување на сонцето и месечината;<br>-Оптичка клупа;<br>-Вага за течност и тежина;<br>-Демонстратор на II – Њутнов закон;<br>-Електромагнет;<br>-Галванометар;<br>-Барометар;<br>-Енциклопедија - Исак Њутн;<br>-Енциклопедија - Пронајдоци; |
| Хемија | -Периоден систем;<br>-Модели на молекули;<br>-Креди во боја;<br>-Лабораториски прибор: епрувети, мензуи, ерленмаер, лакмусова хартија, пипета градуирана;<br>-Хемикалии: глукоза, оцетна киселина, HCl, NaCl, PbO, MnO, CuSO4, натриум хидроген карбонат | -Унивезален индикатор;<br>-Пластелин;<br>-Лабораториски прибор: лабораторски чаши, аван со толчник, стаклена прачка, заштитни очила, термометар;<br>-Хемикалии: Mg лента, Mg во прав, Zn во прав, ZnO, MnO2, H2O2, CuO, Cu во прав, HNO3, H2SO4, метил оранж, железо струготини, сулфур, јод, водород пероксид |
| Иновации | -Компјутери;<br>-LCD проектор | -Бела магнетна табла;<br>-Табла на допир;<br>-Маркери за табла |
| Физичко и здравствено образование | -Душек ;<br>-Јарец;<br>-Отскочна даска; | -Пластични маркери за означување на водење на топка;<br>-Маркери за означување на играчи; |

| | | |
|---|---|---|
| | -Телесна вага;<br>-Топки за: фудбал, одбојка, ракомет, кошарка;<br>-Мрежа за одбојка;<br>-Штафетни палки / 5;<br>-Маса за пинг понг / 1 | -Топки;<br>-Кош конструкција |
| Запознавање со религии | -Детска илустрирана библија; | -Основен атлас религии;<br>-Хамери;<br>-Фломастери и маркери;<br>-Листови во боја |
| Програмирање | -Компјутери;<br>-LCD проектор;<br>-Смарт табла (неисправна состојба);<br>-Едукативни роботи<br>-SMART TV | -Бели табли;<br>-Табла на допир;<br>-Пренослив компјутер;<br>-3D скенер;<br>-3D принтер |
| Проекти од информатика | -Компјутери;<br>-LCD проектор;<br>-Смарт табла (неисправна состојба);<br>-Едукативни роботи<br>-SMART TV | -Бели табли;<br>-Табла на допир;<br>-Пренослив компјутер;<br>-3D скенер;<br>-3D принтер |
| Проекти од ликовната уметност | -LCD проектор | -Табла за проекција; |

### 2.5. Материјално-финансиско работење на училиште

ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, своето материјално - финансиско работење го базира плански и систематски во корелација со секторот за финансии при Локалната самоуправа на Општина Прилеп. Како општинско основно училиште, училиштето секоја календарска година, изработува Финансов план согласно Законот за буџетите, Законот за основно образование, Планот за развој и Годишната програма за работа на училиштето. Материјално-финансиско работење на училиштето се искажува преку две сметки со кои располага училиштето и тоа:

- општинска сметка - блок дотации;
- сопствени приходи - самофинансирачки активности.

Средствата од наведените сметки се користат наменски според одобрен план за финансирање од страна на основачот – Општина Прилеп кој се доставува во тековната година за наредната година. Преку донесените одлуки училиштето уредно обезбедува ефикасност, економичност и систематичност во распоредувањето на финансиите. Буџетските приоритети се поврзани со образовните цели на училиштето, а раководниот кадар систематски ги консултира вработените и иститe ги насочува наменски, се со цел подобрување на квалитетот на наставата, учењето, подучувањето и развојот на училиштето Предлог - финансовиот план за двете сметки го разгледува Училишниот одбор и истиот го предлаа, а го усвојува Советот на Општината. Извештајот за завршните сметки ги разгледува Училишниот одбор, а потоа училиштето ги доставува до надлежните институции .

## 3. Подрачје на работа на основното училиште - наставен план, проширена програма и друга воспитно-образовна работа

Општинското основно училиште „Круме Волнароски“ - Тополчани е основано од Секретаријат на општествени служби и општа управа при Собрание на општина Прилеп, верификација - број на акт 09-85/1 17.03.1986 година. Училиштето воспитно - образовната дејност ја започна во 1948 година. Бројот на ученици во изминатите четири години се движи од 192 до 181 со тенденција на мало намалување и во сите четири години учениците биле распоредени во 21 пралелка.

Училиштето за сите учениците обезбеди бесплатни учебници, од прво до деветто одделение организира бесплатен превоз со обезбедени средства од основачот и со добиена согласност од Министерството.

Училиштето активно организира и реализира настава (комбинирани и чисти параллелки) проширена програма, дополнителна и додатна настава, воннаставни активности: организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.

## 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

### 4.1. Самоевалуација на основното училиште (2018-2020)

Евалуацијата ќе се врши во текот на целиот развоен период, во сите сегменти на планирањето како и неговата реализација. Тоа се врши преку полугодишни и годишни извештаи за работата на тимовите. На секои две години училиштето изготвува самоевалуација преку која исто така, ќе се врши евалуација на развојната програма за работа на училиштето преку следните техники и истражувачки постапки:

-интервјуа со наставници, ученици, родители и други субјекти;

-анкети со наставници, ученици и родители;

-набљудување на условите за работа, активностите на учениците, мотивација на наставниците и учениците при реализација на предвидените содржини.

Евалуацијата ќе биде наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, локалната заедница, МОН, БРО и други институции. Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме оствариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето да ги планираме.

Евалуацијата ќе ја врши комисијата за развојната програма на училиштето во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница.

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | Во ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Наставниците својата основна дејност ја насочуваат, преку планирањата: годишни/глобални, тематски и дневни подготовки или долгорочни, среднорочни и краткорочни оперативни планирања, а во нив вклучуваат 30% содржини со примена на ИКТ, планираат активности преку ПМИО-МИМО (интегрирани часови), како и еколошки соодржини. Училиштето редовно ги информира учениците и родителите за измените во наставните планови и програми, и притоа уредно спроведува избор на изборни предмети. Со изработката на брошурата дава краток осврт на својата дејност. |

| | |
|---|---|
| | Придржувајќи се на Законот за основно образование и Законот за наставници и стручни соработници, училишето ја планира Годишната програма за работа, а во тој контекст и сите други активности (задолжителна настава, изборна настава, воннаставни активности, работата на стручните тела и органи). Во училиштето сите субјекти редовно ја применуваат информатичката технологија, а при тоа наставниците го оплеменуваат наставниот час со примена на современи форми и методи. |
| **Постигања на учениците** | Напредокот и постигнувањата на учениците (формативно и сумативно) секој наставник го следи и вреднува со почитување на индивидуалните способности, ставови и вредности во секоја учебна година. Постигнувањата на учениците во нашето училиште се следи и утврдува низ класификациони периоди во секоја учебна година и истите се евидентираат и документираат. Постигнувањата на учениците се прошируваат преку воннаставните активности, користење на додатна литература и интернет, дополнителна настава, потоа примена на активни методи и форми на работа, на тој начин што се изградува ликот на ученикот во сестрана личност. Постигнувањата на учениците, согледувајќи го низ нивниот среден успех (на ученик, одделение, училиште) е на задоволително ниво и следено во изминатите неколку години се движи во корелациски соодност со блага тенденција на пораст. Постигнувањата на учениците се следат, документираат низ класификациони периоди, на одделенски и наставнички совети и истите јавно се презентираат на индивидуални родителски средби, Совет на родители, Училишен одбор, Училишна заедница и Ученички парламент. Во нашето училиште нема ученици кои ја повторуваат учебната годината. Од спроведените анкетни прашалници кај наставниците, учениците и родителите се увидува дека сите наведени субјекти се задоволни од постигањата и успехот на учениците. |
| **Учење и настава** | Планирања на наставниците се навремени и квалитетни, пришто при нивно изготвување секогаш разменуваат искуства. Распоредот на часовите е јавно достапен на учениците, наставниците, родителите, стручните соработници, директорот. При реализацијата на наставата наставниците користат разновидни форми, методи и техники, ресурси со кои располага училиштето, со јако позитивно нагласена интеракција. Приодот на следење на напредокот на учениците е секојдневен со што се развива добра атмосфера за работа и |

| | |
|---|---|
| | поттикнување на учениците. Во тој дел се почитуваат различните потреби на учениците со применување на различни методи и форми на оценување и истите јавно и транспарентно се презентираат т.е се известуваат родителите. |
| **Поддршка на учениците** | ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани на сите ученици им нуди подршка, грижа и заштита. Севкупната грижа се рефлектира низ грижата за здравјето, безбедноста на учениците во училиштето и од тука учениците се чувствуваат безбедни и сигурни. Постигнувањата и напредокот на учениците се следат, евидентираат и документираат. Училиштето води грижа за заштита од секаков вид на насилство, елементарни непогоди, како и давање на прва помош и грижа за здравјето. Проблемите кои интерно се јавуваат поврзани со поведението на учениците, тековно се решаваат во соработка со стручната служба во училиштето, наставниците и родителите. Училиштето, истот така, обезбедува соодветна грижа, благосостојба и заштита на своите ученици без оглед на полот. Родителите и наставниците сметаат дека училиштето и неговите наставници како и стручната служба професионално и одговорно се однесуваат кон учениците, секогаш навремено се информаирани за сите активности, оценувањето е правично според индивидуалните способности и карактеристики на учениците со правилна примена на критериумите за оценување. Соработката со локалната средина и другите институции се на високо ниво и се во интерес на задоволување на потребите и подршка на учениците во нивната едукација. |
| **Клима во училиштето** | Климата и односите во училиштето се на високо ниво. Училиштето низ својата воспитно - образовна дејност успешно го гради својот углед промовирајќи ги своите постигања. Исто така, застапува еднаквост и правичност кон сите субјети: ученици, родители и наставници потпирајќи се врз основа на својата визија и мисија. Сите вработени во училиштето ги почитуваат правата на детето. Училиштето развива политика за афирмирање и промовирање на постигањата на учениците почитувајчи го етичкиот кодекс на однесување и оценување. Во тој однос училиштето успешно ги афирмира учениците преку училишната заедница во донесување на важни одлуки поврзани со училиштто.<br>Училиштето, низ својата работа, на високо ниво остварува соработка и развива партнерски однос со родителите и со локалната самоуправа, а тоа се огледува низ големите инфраструктурни инвестиции во нашите училишта и тоа како во централното така и во подрачните. |

| | |
|---|---|
| **Ресурси** | ООУ „Круме Волнароски - Тополчани“ при реализацијата на својата основна воспитно - образовна дејност, се раководи според Законот за основно образование и ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот на дејноста. Во своето работење успешно спроведува набавка на нагледни средства, потрошен материјал, како и опременост со стручна литература. Успешно се води училишната библиотека и истата се надополнува според потребите и интересите на учениците и наставниците.<br>При релизацијата на наставата и воннаставните активности, училиштето обезбедува и ангажира доволен број на наставници според нормативот. Стручната служба во училиштето им помага на наставниците, во планирањето и организацијата на наставата и следењето на напредокот на учениците. Истровртемено, обезбедува советодавна помош на ученици, родители и наставници, насочува кон правилна примена на критериумите за оценување и активно учествува во животот и работата на училиштето. Стручната служба ги следи развојните потреби на наставниот кадар, го следи нивниот професионален развој (досие на наставник), ја следи обуката на наставниците (интерно и екстерно). Интерното усовршување на наставниците се реализира преку дисеминација, документирано во програмите на стручни активи.<br>Финансовото работење во училиштето е во согласност со законските нормативи, јавно и транспарентно се избира комисијата за јавни набавки, понуди, тендери и за своето работење јавно ги информира сите органи и тела. Во контекст на тоа се надополнуваат и извештаите до Бирото за јавни набавки. |
| **Раководење, управување и креирање политики** | Директорот на ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани ја контролира целокупната воспитно - образовна работа на училиштето, согласно законската регулатива соработува со Училишниот одбор и врз основа на тоа се донесуваат важни и одговорни одлуки за животот и работата на училиштето. Во училиштето успешно функционираат Училишниот одбор, Советот на родители и директорот на училиштето на што укажува постоењето на позитивна клима во истото. Раководниот тим во училиштето редовно одржува состаноци со сите тимови во училиштето како што се: тимот за проекти, активите на наставниците и други. Консултациите на релација раководен тим и други субјекти на училиштето се на задоволително ниво.<br>При реализацијата на поголемиот број на активности во училиштето, со |

| | |
|---|---|
| | донесените одлуки активно се запознаваат сите субјекти. Училиштето има изградено кодекс на однесување на учениците што во голема мера придонесува за подобрување на дисциплината на учениците. Во креирањето на политиката на нашето училиште учествува раководниот тим на училиштето. За политиката на училиштето се информираат сите инволвирани страни во образовниот процес преку соодветните органи, родителите, како и компетентните лица од страна на локалната самоуправа, преставници од МОН, БРО, НВО и други институции од пошироката средина. |

### 4.2. Интегрална евалуација на основното училиште

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | **1.1. Реализација на наставните планови и програми**<br><br>Во ООУ„Круме Волнароски“ - Тополчани, наставата по сите наставни предмети се остварува во согласност со Наставниот план за основно деветгодишно образование. Реализацијата на наставните програми по наставни предмети е во пропишаниот обем. Родителите и учениците се информираат за наставните планови и програми. Училиштето на почетокот од секоја учебна година ги информира родителите преку брошура на училиштето и преку наставничко родителски средби за целите на наставните планови и програми што се реализираат. Училиштето располага со проширена програма за прифаќање на учениците. Во училиштето се реализира програма за хор. Во училиштето голем број на наставници планираат и реализираат активности од меѓуетничка интеграција во образованието во програмата за одделенски час и во вонаставни активности. Содржините во поголемиот број на наставни програми овозможуваат постигање на целите за акции од еколошките стандарди и еколошки теми. Постапката за избор на изборни предмети се применува со почитување на потребите и барањата на учениците и притоа, на учениците им се понудуваат три наставни предмети за кои училиштето има обезбедено наставен кадар. |

| | |
|---|---|
| | **1.2. Квалитет на наставните планови и програми**<br><br>Од увидот во планирањето на наставниците и разговорите се констатира дека во училиштето повремено се разгледуваат мислења за наставните планови и програми и учебни помагала. Во наставните планови и програми има содржини од аспект на мултикулурализам. Наставниците ги вградуваат меѓупредметните цели во своите годишни и тематски планирања.<br><br>**1.3. Воннаставни активности**<br><br>Училиштето во последните три учебни годими реализира воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Истите им помагаат на учениците за развој на компетенции за доживотно учење. Обемот на воннаставните активности е во склад со реализацијата на наставата. Во училиштето преку училишниот тим за екскуразии се реализираат излети и екскурзии со ученици согласно Правилникот за екскурзии. Учениците учевствуваат на натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско и регионално ниво. Добар број на ученици се вклучени во еколошки активности, како и во реализација на интегрирани содржини од антикорупциска едукација. Во училиштето нема регистрирано училишен спортски клуб. |
| **Постигнувања на учениците** | **2.1. Постигања на учениците**<br><br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол, националност по сите наставни предмети по паралелки и за сите класификациони периоди на ниво на училиште и општ успех по години. Секој одделенски раководител изготвува преглед на успехот на учениците во паралелката, по секое тримесечје од наставната година. Во изминатите три учебни години општиот успех на постигањата на учениците е следениот: за учебната 2015/16 год. среден општ успех е 4,02, за учебната 2016/17 година средниот општ успех е 4,04 и за учебната 2017/18 год. среден општ успех е 4,12. Според изготвените извештаи за постигањата на учениците за период од три учебни години на ниво на училиште се забележува дека нема значителни промени во средниот општ успех на |

| | |
|---|---|
| | учениците. Наставниците во текот на редовната настава на учениците кои имаат тешкотии во учењето им обезбедуваат подршка, избирајќи активности соодветни на ниввите можности и потреби. Во училиштето се реализира проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието (МИО). Во изминатите три учебни години, училиштето соработува со партнер училишето ООУ„Кирил и Методиј“ - Канатларци и има реализирано заеднички активности со мешан состав на ученици и наставници.<br><br>**2.2. Задржување/намалување на бројот (осипување) на учениците**<br><br>Училиштето располага со податоци за опфат на учениците од реонот за упис во прво одделение. Во учебната 2018/19 година во прво одделение запишани се 15 ученици. Во предходната учебна година во училиштето завршиле 18 ученици. Училиштето има податоци за опфат на учениците при преминот од основно во средно образование.Училиштето ја следи редовноста на учениците по пол, и по одделениоја ги анализира причините за одсуство од наставата и превзема активности за зголемување на редовноста на учениците. Во изминатите три учебни години бројот на изостаноци по ученик во просек е 14 изостаноци по ученик, додека бројот на неоправдани изостаноци по ученик е незначително мал, односно 0,2 изостанок по ученик.<br><br>**2.3. Повторување на учениците**<br><br>Во изминатите три учебни години во училиштето нема ученици кои не ја завршиле учебната година. |
| **Учење и настава** | **3.1 Планирање на наставниците**<br><br>Во годишните планирања на директорот и педагогот во училиштето, планирани се активности за подршка и следење на планирањата на наставниците. На наставнички совет дадени се насоки во планирањето да бидат застапени наставни содржини со примена на ИКТ, користење на современи |

| | |
|---|---|
| | форми и методи во наставата, содржини од интеграција на еколошкото образование и меѓуетничка интеграција во образованието. За наставниците кои реализираат наставни програми по Кембриџ програмата, реализирани се обуки од страна на БРО. За сите наставници е реализирана десиминација за реализација на содржини од МИО проектот. Од страна на стручната служба одржани се интерни обуки за дел од наставниците за изготвување на ИОП. Планирањата на наставниците се следат два пати во годината. Постои евиденција образец за вреднување на планирањата на наставниците и извештај од следењето на квалитетот на годишните и тематски планирања изготвени од страна на стручната служба и директорот. Годишните и тематски планирања наставниците ги изготвуваат во рамките на стручните активи, поедини наставници индивидуално и во соработка со наставници од други училишта. Освен редовната настава наставниците ја планираат дополнителната, додатната настава, одделенскиот час со содржини од програмата образование за жѓивотни вештини, програми за слободни ученички активности и план за родителски средби.<br><br>**3.2. Наставен процес**<br><br>Од посетата на часови и разговорот воден со директорот и стручниот соработник се констатира дека при реализацијата на наставата, наставниците користат различни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците. Училиштето има интерна процедура за следење на наставниот процес. Во училиштето се води евиденција за посета на час, со дефинирани стандарди за следење на наставниот час, при што на наставниците им се дава пишана и усна повратна информација најчесто непосредно по извршената посета.<br><br>**3.3. Искуства на учениците од учењето**<br><br>Учениците и родителите сметаат дека училиштето е безбедна средина за учење. Во поголем број училници и друг училишен простор присутна е стимулативна средина за учење. Изработените трудови се изложени во училниците и заедничкиот училишен простор. |

| | |
|---|---|
| | **3.4. Задоволување на потребите на учениците**<br><br>Потребите на учениците се идентификувани од страна на одделенските раководители, педагогот како и од останатите наставници во текот на наставниот процес. Стручната служба води разговори со наставниците и родителите чии деца покажуваат потешкотии во учењето и притоа им укажува на начинот како да се помогне на тие ученици.<br><br>**3.5. Оценувањето како дел од наставата**<br><br>Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Следењето и оценувањето на учениците се планира во тематското процесно планирање и оперативниот план за наставен час. Секој наставник има изготвено критериуми за оценување на постигањата на учениците.<br><br>**3.6. Известување за напредокот на учениците**<br><br>Училиштето редовно ги информира родителите за напредокот на нивните деца. |
| **Поддршка на учениците** | **4.1 Севкупна грижа за учениците**<br><br>Инфраструктурата во основното училиште и во подрачните училишта е безбедна и не постои опасност од повреда на учениците. Во училиштето има две лица кои поседуваат сертификат за давање на прва помош на ученици при несреќни случаеви и има материјал за прва помош. Училиштето ги има осигурано училишните објекти и опремата во „Триглав“ осигурување додека осигурувањето на наставниците и учениците е врз доброволна основа. Училиштето има организиран превоз за ученици и за наставници. Училиштето има План за заштиа и спасување и план за евакуацијаза со што добило согласност од Дирекцијата за заштита и спасување - Прилеп. Во училиштето има Кодекси за однесување на ученици, наставници и родители, Куќен ред за однесување на сите вработени и |

| | |
|---|---|
| | со истите се забранува секаков вид на психичко и физичко насилство. Училиштето води политика за забрана на пушење, забрана за употреба на алкохол и други забранети супстанци. Се реализираат едукативни работилници, предавања од стручни медицински и полициски лица. Училиштето има програма и тим за грижа за ученици од социјално загрозени семејства. Повремено се реализираат хуманирани акции од наставниците и учениците од социјално загрозени семејства (донирање на облека, храна и сл.). Училишетто соработува со ЦСР, НВО, како и со меѓинародната организација „АДРА“ која ја спроведува хуманитарната акција „Од дете за дете“.<br><br>**4.2. Здравје**<br><br>Во основното и подрачните училишта хигиената е добра. Со почетокот на секоја учебна година, задолжително се врши дезинфекција и дератизација на целокупниот простор во училиштето. Училиштето постапува по препораките и насоките од санитарна инспекција за одржување на хигиената и заштита од заразни болести. Извршени се санитарни и систематски прегледи на вработените, а за учениците се реализираат систематски прегледи и вакцинации. Во училиштето има програма за здравствена заштита и здравствено воспитување.<br><br>**4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**<br><br>Училиштето располага со програма за професионална ориентација на учениците и успешно се води евиденција за учениците кои се запишуваат во срено училиште. Училиштето располага со програма за подршка на учениците со емоционални потешкотии.<br><br>**4.4. Следење на напредокот**<br><br>Во училиштето се води евиденција за индивидуалниот напредок на учениците. Уредно се изготвуваат полугодишниот и годишните извештаи, педагошката евиденција и документација, а родителите навремено се информираат на родителски средби, индивидуални средби, како и при доделување на евидентни |

| | |
|---|---|
| | листови и свидетелства. |
| **Клима во училиштето** | **5.1. Училишна клима и односи во училиштето**<br><br>ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани кај локалното население ужива углед на посакувано училиште и е препознатливо по голема трудољубивост и посветеност на наставниот кадар и добра училишна клима. Наставниците и учениците како и сите вработени во училиштето се грижат за угледот. Вработените со својата работа и однесувањето придонесуваат за афирамација на училиштето и истите се почитуваат од учениците и родителите. Училиштето води политика за взаемно почитување и рамноправност. Соработката на вработените и раководниот кадар е постојана. Училиштето се грижи за здравјето и сигурноста на учениците. Дисциплината е добра и постои работна атмосфера за време на наставата. Училиштето има правилник за изрекување на педагошки мерки и истите се применуваат.Училиштето има Програма за развој на училиштето и при нејзина изработка се земаат во предвид препораките од извештајот од спроведена самоевалуација.<br><br>**5.2. Промовирање на постигањата**<br><br>Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици, како во наставата, така и во вонаставните активности. Наставниот кадар, стручните соработници и директорот се насочени кон организирање на средина за учење со поставување на јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и на учениците да учевствуваат на натпревари, како на општинско и регионално, така и на државно и меѓународно ниво.<br><br>**5.3. Еднаквост и правичност**<br><br>Најголемиот број од вработените во училиштето се запознаени со правата на децата и истите ги запознаваат учениците со нивните права. Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, социјалните и |

| | |
|---|---|
| | интелектуалните разлики. Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во училиштето и заедницата преку водење на политика на еднаквост и инклузивност и вклучување на учениците во разни активности.<br><br>**5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница**<br><br>Учевството на родителите во работата на училиштето е преку Советот на родители и преку Училишниот одбор. Училиштето редовно соработува со локалната заедница преку соработка со локалните институции, со дел од нив се спроведуваат заеднички активности преку учество на настани од интерес на заедницата. |
| **Ресурси** | **6.1. Сместување и просторни капацитети**<br><br>Целокуната воспитно-образазовна дејност училиштето ја реализира во 9 училишни згради и тоа една во ЦУ Тополчани и по една училишна зграда во населените места во Старо Лагово, Клепач, Чепигово, Алинци, Загорани, Ново Лагово, Галичани и Беровци. Во сите населени места училишните згради од градежен и функционален аспект се во добра состојба. Во последните три години извршени се одредени подобрувања на инфраструктурален план:<br>-реконструкција на подови и скалилно јадо, како и санација на кровна конструкција и оџаци,изградба на еко-училница-летниковец, донација на бекатон плочки 30м2 за поплочување на дел од училишниот двор и набавка на канцелариски мебел во ЦОУ с.Тополчани;<br>-набавка на инвентар и оградување на училишниот двор на ПУ с.Беровци;<br>-изградба на детски забавен парт во училишниот двор во Ново Лагово;<br>-санација на кровна конструкција на ПУ с.Загорани;<br>-поплочување на холот и влезот во Старо Лагово;<br>Училишниот ги исполнува условите за изведување на настава и притоа целосно ги користи расположливите капацитети. |

| | |
|---|---|
| | **6.2. Наставни средства и материјали**<br><br>Потребата од наставни средства и помагала во училиштето се идентификува преку постојано следење на наставата и прибирање на предлози од страна на наставниците за приоритети за набавка на истите. Со финансискиот план и планот за јавни набавки училиштето планира набавка на училишни помагала и литература, но динамиката и обемот на реализација не соодвествуваат со потребите. Училиштето располага со соодветни наставни средства, материјали и специфични помагала за ученици со посебни образовни помагала.<br><br>**6.3. Обезбедување на потребниот кадар**<br><br>Училиштето го има обезбедено потребниот наставен кадар, во согласност со Законот за основно образование и нормативот за наставен кадар. Наставно-воспитниот процес во училиштето го реализираат 38 наставници од кои 8 дополнуваат од други училишта. Наставниот кадр е со соодветно образование согласно Законот за основно образование и Нормативот за наставен кадар по сите наставни предмети.<br><br>**6.4. Следење на развојните потреби на кадарот**<br><br>Училиштето континуирано ги следи развојните потреби на кадарот преку следење на планирањата и посета на часови, а учевството на семираи и обуки е транспарентно. Сите наставници имаат лични планови за професионален развој, а училиштето има План за професионален развој што е составен дел на ГПРУ.<br><br>**6.5. Финансиско работење на кадарот**<br><br>Финансиското работење на училиштето е транспарентно за сите структури во училиштето. Училишниот одбор навремено и редовно, еднаш годишно, ги разгледува финансискиот план, завршната сметка и ФП за јавни набавки. |

| | |
|---|---|
| **Раководење, управување и креирање политики** | **7.1. Управување/раководење со училиштето**<br><br>Во ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани, управува Училишен одбор кој е составен од 9 члена и истиот е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. За сите членови на УО има уредна документација. Работата на УО е регулирана со Деловодник за работа и има Програма за работа на УО, а состаноците се одржуваат со однапред дефиниран дневен ред и доставени материјали. Директорот има подршка во раководењето и реализирањето на образовната политика.<br><br>**7.2. Цели и креирање на училишната политика**<br><br>Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Образовната политика на училиштето е предвидена со ГПРУ и Програмата за развој на училиштето. Двата документи се креирани согласно насоките од БРО и МОН и истите се во согласност со државната и локалната образовна политика. Во ПРУ има јасност и соодветност на целите како и процедура за креирање на училишна политика.<br><br>**7.3. Развојно планирање**<br><br>Развојните цели ги одсликуваат мисијата и визијата на училишето и сите се во функција на подобрување на севкупната работа на училиштето. Училиштето има изготвено и акциски планови за поставените цели и план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигањата, со јасна динамика и конкретни индикатори за успешност. Училиштето има програма за професионален развој на наствниците и стручните соработници. Училиштето систематски и навремено ги планира и обезбедува материјално техничките средства и истите обезбедуваат оптимално реализирање на наставниот процес. Училиштето редовно обезбедува средства од локалната заедница за подобрување на инфрастуктурата на училиштето. |

## 5. Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

### СВОТ анализа

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| Наставниците редовно изготвуваат годишни и тематски планирања. | Училиштето нема веб страна преку која би ги презентирале своите постигнувања и негова афирмација. |
| Во Годишната програма за работа на училиштето застапена е програма за Мултиетничка интеграција и тимот планира и реализира активности во училиштето и во соработка со партнерското училиште. | Едукација на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби - инклузивно образование. |
| Се врши споредување на постигањата на учениците по предмети, класификациони периоди, по пол, со претходните години, изостаноци по ученик на оправдани и неоправдани изостанувања - се во насока на подобрување на успехот. | Едукација на наставниот кадар за работа со ученици – професионален развој |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| Училиштето има систем за следење на планирањата на наставниците со водење на евидентни листови од страна на социолошко - педагошката служба и директорот. | Недостаток на нагледни средства и дидактички материјали по наставни предмети. |
| Училиштето е безбедна средина и секој ученик во него е сигурен и безбеден | Оградување на училишниот двор во ООУ И ПОУ |

## 6. Мисија и визија на основното училиште

МИСИЈА

Училиште во кое сите ученици ќе постигнат успех, успех кој ќе ги води кон правилен пат во животот. Почитувајќи ги нивните индивидуални способности, интереси и потреби им овозможуваме стекнување на различни знаења и вештини. Градиме толерантни, одговорни и искрени личности, кои учат едни од други и меѓусебно се помагаат. Поттикнуваме на праведно и еднакво однесување кон сите ученици, развивајќи ја нивната самодоверба и почитувајќи ги нивните размислувања, ставови и идеи. Промовираме учење за знаење, а не учење за оцена, бидејќи почитуваме трајни и применливи знења. Постојаната плодна соработка со родителите ја оствapуваме со заедничка  цел - воспитани и образовани идни поколенија.

ВИЗИЈА

Модерно, иновативно, отворено училиште кое постојано ќе биде свртено кон промени кои ќе придонесат за поквалитетен наставен процес во чиј центар ќе биде ученикот. Целиме кон училиште по мерка на детето, место каде што учениците со желба ќе престојуваат, ќе ги задоволуваат различните образовни потреби и ќе се оспособуваат за доживотно учење. Современите нагледни средства ќе овозможат интересна истражувачка и креативна настава. Училиштето да претставува, средина без насилство, здрава  средина во која ќе се негува спортот.

## 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

| Каде сме сега?<br>Приоритети од самоевалуацијата на училиштето | Каде сакаме да бидеме<br>Програма за развој на училиштето – стратешка цел |
|---|---|
| - Подобрување на просторните услови за работа на  училиштето за реализација на современа настава. | ***1.  Подобрување на условите за работа на училиштето*** |

| **Каде сме сега?**<br>**Приоритети од самоевалуацијата на училиштето** | **Каде сакаме да бидеме**<br>**Програма за развој на училиштето – стратешка цел** |
|---|---|
| - Обезбедување  современи наставни средства за реализација на наставата;<br><br>- Обновување на училишниот инвентар;<br><br>- Обезбедување на помагала во наставата. | ***2. Опремување на училиштето со современи нагледни средства за реализација на современа настава и нејзино промовирање.*** |

| **Каде сме сега?**<br>**Приоритети од самоевалуацијата на училиштето** | **Каде сакаме да бидеме**<br>**Програма за развој на училиштето – стратешка цел** |
|---|---|
| - Обука на наставниците и стручна служба како дел од професионалниот развој. | **3. Зајакнување на стручните компетенции *на наставниот кадар и стручните соработници.*** |

| **Стратешка цел** | **Развојни цели** |
|---|---|
| ***1. Подобри услови за работа на училиштето*** | 1.1. Реконструкција на фасадата во ЦОУ Тополчани |
| | 1.2. Изработка на парно греење во ЦОУ Тополчани и ПОУ с.Старо Лагово |
| | 1.3. Поставување на спуштен таван во ходникот на ЦОУ |
| | 1.4. Реконструкција на ѕидови и тавани  во ЦОУ |

| | |
|---|---|
| | 1.5. Изградба на спортско игралиште во ПОУ с.Старо Лагово |
| | 1.6. Поплочуване во ЦОУ Тополчани, ПОУ Беровци и ПОУ Загорани |
| | 1.7. Оградување на Училишните дворови во ЦОУ, ПОУ с.Ново Лагово и с.Старо Лагово |
| | 1.8. Замена на постоечката дограма во ПОУ с.Алинци и ПОУ с.Загорани |
| | 1.9. Монтирање на 2 клими инвертори во ПОУ с.Беровци |
| ***2. Опремување на училиштето со современи нагледни средства за реализација на квалитетна настава и нејзино промовирање*** | 2.1. Опремување на училиштето со современи нагледни средства по наставни предмети |
| | 2.2. Изработка, ажурирање и одржување на веб страна на училиштето |
| **3. Зајакнување на стручните компетенции** ***на наставниот кадар и стручните соработници како дел од професионалниот развој*** | 3.1. Организирање обуки/ работилници за користење Е - содржини и апликации во наставата |
| | 3.2. Продлабочување на стручните компетенции на наставниот кадар и стручните соработници |

| **Приоритетно подрачје** | Подобрување на просторните услови за работа на училиштето за реализација на современа настава |
|---|---|

**Стратешка цел 1.:** *Подобри услови за работа на училиштето*
Развојна цел 1.1. Реконструкција на фасадата во ЦОУ Тополчани ЦОУ
Развојна цел 1.2. Изработка на парно греење во ЦОУ Тополчани и ПОУ с.Старо Лагово
Развојна цел 1.3. Поставување на спуштен таван во ходникот на ЦОУ
Развојна цел 1.4. Реконструкција на ѕидови и тавани во ЦОУ
Развојна цел 1.5. Изградба на спортско игралиште во ПОУ с.Старо Лагово
Развојна цел 1.6. Поплочуване во ЦОУ Тополчани, ПОУ Беровци и ПОУ Загорани
Развојна цел 1.7. Оградување на училишните дворови во ЦОУ, ПОУ с.Ново Лагово и с.Старо Лагово
Развојна цел 1.8. Замена на постоечката дограма во ПОУ с.Алинци и ПОУ с.Загорани
Развојна цел 1.9. Монтирање на клими во ПОУ с.Беровци, Ново Лагово, Алинци

**Конкретна цел 1.1.1. Согледување - идентификување на моменталната сосотојба во училиштето**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| -Изготвување на проект тендер за реконструкција на фасада<br>- Избор на најповолен економски оператор | -Подобри услови за работа<br>-Нов естетски изглед на училиштето | ЈПП-Прилеп<br>Јордан Чавлески (изработка на ЈН)<br>Директор<br>Секретар/благајник | Јануари /февруари 2020 | По потреба | Директор<br>Тим-благајник/секретар,<br>,,Пекран проект,,-надзор |

**Конкретна цел 1.2.1. Изготвување проект за парно греење**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| -Изработка на проект<br>-Добивање на средства<br>Спроведување на ЈН | Подобри услови за работа<br>Подобро затоплување | Директор<br>Секретар<br>Проектанско биро | 2021-2023 | По потреба | Директор<br>Секретар/благајник<br>Лице за ЈН<br>наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Реализација | | | | | |
| **Конкретна цел 1.3.1. Изготвување план и добивање на материјали за спуштени тавани во ходникот на ЦОУ** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Преглед за набавка на потребните материјали<br>-Избор на фирма за реализација | Подобри услови за работа | Директор<br>Секретар<br>Избрана фирма | 2021-2023 | По потреба | Директор<br>Секретар/благајник<br>наставници |
| **Конкретна цел 1.4.1. Изготвување премер пресметка** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Избор на фирма за реализација на активноста | Подобри услови за работа и естетски изглед | Директор<br>Секретар<br>Избрана фирма | 2021-2023 | По потреба | Директор<br>Секретар/благајник<br>наставници |
| **Конкретна цел 1.5.1. Изготвување проект - добивање на материјали за изградба на спортско игралиште ПОУ-с.Старо Лагово** | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| Изготвување проект - добивање на материјали за изградба на спортско игралиште во ПОУ с.Старо Лагово | Подобри услови за работа и естетски изглед | Директор<br>Секретар<br>Избрана фирма | 2021-2023 | По потреба | Директор<br>Секретар/благајник<br>наставници |

| **Конкретна цел 1.6.1. Изготвување проект - добивање на материјали за поплочување на училишните дворови во ЦОУ, ПОУ Беровци и ПОУ Загорани** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на активностите |
| Набавка на материјали за поплочување на училишните дворови во ЦОУ, ПОУ Беровци и ПОУ Загорани | Естетско обликување на училишните дворови | Директор<br>Секретар<br>Избрана фирма | 2021-2023 | По потреба | Секретар/благајник<br>наставници |

| **Конкретна цел 1.7.1. Изготвување проект - добивање на материјали за оградување на училишните дворови во ЦОУ, ПОУ с.Ново Лагово и ПОУ с. Старо Лагово** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на активностите |
| Набавка на материјали за оградување на училишните дворови во ЦОУ, ПОУ с.Ново Лагово и ПОУ с. Старо Лагово Реализација на ЈН | Естетско обликување на училишните дворови | Директор<br>Секретар<br>Избрана фирма | 2021-2023 | По потреба | Секретар/благајник<br>наставници |

| **Конкретна цел 1.8.1. Замена на постоечката дограма во ПОУ с.Алинци и ПОУ с.Загорани** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на активностите |
| Изготвување проект (премер пресметка) Алицирање на јавен повик при Секретаријат на Влада на РСМ | Заштеда на топлинска енергија Подобри усови за работа | Локална самоуправа Прилеп Директор Секретар наставници | Јануари 2020 | По потреба | Локална самоуправа Прилеп Директор на ООУ |

| **Конкретна цел 1.9.1. Монтирање на клими во ПОУ с.Беровци, ПОУ Ново Лагово и ПОУ Алинци** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на активностите |
| Аплицирање на јавен при Секретаријат на Влада на РСМ (Програма за намалување на аерозагадено-ста за 2019 година) | Заштеда на топлинска енергија Подобри усови за работа | Локална самоуправа Прилеп Директор Секретар наставници | 2019/2020 | По потреба | Локална самоуправа Прилеп Директор на ООУ |

| **Приоритетно подрачје** | **Опремување на училиштето со современи нагледни средства за реализација на квалитетна настава и нејзино промовирање** |
|---|---|

**Стратешка цел 2.** Опремување на училиштето со современи нагледни средства за реализација на квалитетна настава и нејзино промовирање
Развојна цел 2.1. Опремување на училиштето со современи нагледни средства по наставни предмети
Развојна цел 2.2. Изработка, ажурирање и одржување на веб страна на училиштето

**Конкретна цел 2.1.1. Согледување - идентификување на моменталната сосотојба во училиштата со современи нагледни сретства**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување на список од потребни нагледни средства и наставни помагала<br>Набавување на нагледни средства | Квалитетна настава | Наставници<br>Директор<br>Секретар<br>благајник | 2019/2020 | По потреба | Локална самоуправа Прилеп<br>Директор на ООУ<br>Благајник/секретар<br>Стручна служба<br>наставници |

**Конкретна цел 2.2.1. Формирање тим од наставници кој ќе биде одговорен за ажурирање и одржување на веб страната**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на веб страна на училиштето од страна на стручно лице. | Промовирање на училиштето | Тим од наставници | 2020 | По потреба | Директор на ООУ<br>Благајник/секретар<br>Стручна служба<br>наставници |

| **Приоритетно подрачје** | Зајакнување на стручните компетенции на наставниот кадар и стручните соработници како дел од професионалниот развој |
|---|---|

**<u>Стратешка цел 3.</u>** Зајакнување на стручните компетенции на наставниот кадар и стручните соработници како дел од професионалниот развој

Развојна цел 3.1. Организирање обуки/ работилници за користење Е- содржини и апликации во наставата
Развојна цел 3.2. Продлабочување на стручните компетенции на наставниот кадар

**Конкретна цел 3.1.1. Подобрување на вештините на наставниците за користење на е-содржини и апликации во наставата**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Организирање посета на обуки | Подобра настава | Тим наставници стручна служба директор | 2020-2023 | Според потреба | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Секретар/благајник |

**Конкретна цел 3.2.1 Идентификација на потребата од обуки за поквалитетна настава**

| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
|---|---|---|---|---|---|
| Следење и информирање за актуелни семинари<br>Учество на актуелни обуки кои овозможува сертификати за наставниците | Квалтиетна настава | Тим наставници стручна служба директор | 2020-2023 | Според потреба | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Секретар/благајник |

## 8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

ООУ „Круме Волнароски“ - Тополчани  според Годишната програма за работа планира и активно соработува со родителите. Родителите активно се вклучени во животот и работата на училиштето. Целта е да се зајакне врската родител - ученик - наставник. Родителите соработуваат со наставниците и другите субјекти во училиштето не само преку индивидуални и заеднички средби, туку и како активни членови во работата на Советот на родители и Училишниот одбор.

Родителите имаат можност да дадат свој придонес во насока на унапредување на воспитно-образовната работа на училиштето од одредни теми блиски за нив и во согласност со нивната стручна подготовка, ќе учествуваат во организирање разни работилници, трибини и дебати, ќе помогнат при набавка и обновување на нагледни и технички средства, помагала и материјали. Овој период родителите ќе придонесат и за поуспешно реализирање на разни вонннаставни активности, натпревари, екскурзии, забави за учениците, приредби, хепенинзи, работни акции, промоции и други манифестации.

Во следниот период се планира да продолжи соработката со Советот на родители во сите сегменти на воспитно - образовниот процес. Советот на родители ќе партиципира во давање идеи, предлози и донесување на одлуки во Училишна заедница и Училишниот одбор.

Се планира да се организираат едукативни работилници за родители, за одредени активности кои се реализираат во нашето училиште.

Училиштето соработката со родителите ја остварува преку редовно информрање во однос на редовноста, поведението и оценувањето на учениците. Ваквата соработка ќе се реализира преу соопштенија, извештаи, анализи, презентации, организирани работилници, советувања и сл. Со почетокот од секоја учебната година училиштето изготвува брошура која им се доставува на родителите од прво одделение и претставниците на Советот на родители.

## 9. Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности преку заеднички проекти и слично. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно - образовниот процес кај учениците. Училиштето остварува соработка со средни училишта, соработка со Општина Прилеп, соработка со библиотеката во населбата; соработка со Здравствениот дом, МВР, телевизиски куќи, радио и печатен медиум, Црвен крст, училишта со посебни потреби, соработка со еколошки здруженија и сл.

Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Соработката особено е интензивна при прославувањето на бројни празници и одбележување на значајни датуми. По тој повод секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина.

## 10. Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Подобрување на условите за работа на училиштето | Континуирано следење на реализацијата на планирани активностите (2020/2023) | Тим одговрни лица според развојното планирање | Директор на ООУ<br>Стручна служба<br>Секретар/благаник наставници |
| Опремување на училиштето со современи нагледни средства за реализација на современа настава и нејзино промовирање | Континуирано следење на реализацијата на планирани активностите (2020/2023) | Тим одговрни лица според развојното планирање | Директор на ООУ<br>Стручна служба<br>Секретар/благаник наставници |
| Зајакнување на стручните компетенции на наставниот кадар и стручните соработници | Континурано следење на предвидениот план за реализација на оваа активност | Тим одговрни лица според развојното планирање | Директор на ООУ<br>Стручна служба<br>Секретар/благаник наставници |

## 11. Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата ќе се врши во текот на целиот развоен период во сите сегменти на планирањето како и неговата реализација. Тоа ќе се врши преку полугодишни и годишни извештаи за работата на тимовите. На секои две години училиштето изготвува самоевалуација преку која, исто така, ќе се врши евалуација на развојната програма за работа на училиштето преку следните техники и истражувачки постапки:

-интервјуа со наставници, ученици, родители и други субјекти;

-анкети со наставници, ученици и родители;

-набљудување на условите за работа, активностите на учениците, мотивација на наставниците и учениците при реализација на предвидените содржини.

Евалуацијата ќе биде наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, локалната заедница, МОН, БРО и други институции. Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме оствариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето да ги планираме. Евалуацијата ќе ја врши комисијата за развојната програма на училиштето во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница

## 12. Заклучок

Развојната програма како значаен документ на училиштето ги одсликува сите активности кои ќе се реализираат во период од четири години. Развојната програма ги поврзува повеќе стратешки планирања како што се: Годишната програма за работа на училиштето, Самоевалуацијата и анализите, а со тоа дава еден патоказ на движење на училиштето во реализирање на мисијата и остварување на визијата. Сите тие активности во Развојната програма се дадени како подрачја со приоритети кои произлегуваат од самоевалуацијата на училиштето. Тие како три гранки се поврзуваат и тоа: Подобрување на условите за работа, Опремување на училиштето со современи нагледни средства за реализација на современа настава и нејзино промовирање и Зајакнување на стручните компетенции на стручните соработници и наставниците. Во „Подобрување на условите за работа“ испланирани се активности за низа инфраструктурни зафати кои ќе дадат доприност во подобрување на условите за работа во училиштето. Преку „Опремувањето на училиштето со современи нагледни средства“ ќе се овозможи збогатување на квалитетот на наставата со тенденција на реализација на современа настава. Додека пак со „Зајакнување на стручните компетенции на стручните соработници и наставници“ училиштето го зацврствува професионалниот развој на наставниот кадар и стручните соработници што едновремено се надоврзува на предизвикот на новото време. За успешна реализација на сите активности голем придонес ќе дадат сите субјекти во училиштето, со цел - постигнување на квалитетен воспитно – образовната процес.

## 13. Комисија за изработка на Анекс Развојната програма за работа на основното училиште

### Координатори на Развојното планирање

- Јасмина Караниколова - директор
- Фота Дорошевска - председател на Училишен одбор - педагог
- Билјана Т. Беличанец - наставник по биологија - член
- Валентина Костоска - наставник по одделенска настава - член
- Игор Мицковски - родител претседател на Совет на родители
- Лидија Медароска - родител - член
- Горан Сребреноски - родител - член
- Александар Чапкуноски - член преставник од локална самоуправа

## 14. Користена литература

1. Годишна програма за работата на училиштето за учебната 2019/2020 година;
2. Годишни извештаи за работата на училиштето;
3. Самоевлуација на училиштето за период од 2018-2020 година;
4. Извештај од извршена интегрална евалуација;
5. Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште;
6. Индикатори за квалитет на работата на училиштата од МОН и ДПИ;
7. Алатки и инструменти за функционална самоевалуација на училиштата - Константин Петковски, Менка К. Михајлова, Елизабета Левеска

Датум: 25.02.2021 година

Место: Тополчани

Потпис на директор:

______________________________

/Јасмина Караниколова/

МП

Потпис на претседател на Училишен одбор:

______________________________________

/Игор Мицкоски/